# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

www.bitola.gov.mk

**Број 16, година XLIV**
**Понеделник, 25.11.2013**
Битола

**e-mail:bitola@t-home.mk**


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2013 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2013 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1569/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 32 точка 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Р.М" бр 61/04 и 156/09 ) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2013 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-42/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општината Битола за 2012 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубо-

ви, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општината Битола за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1569/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општината Битола за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општината Битола за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-42/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за безбедноста на водата за пиење што ја користи населението од Општина Битола за 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за безбедноста на водата за пиење што ја користи населението од Општина Битола за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1569/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола" број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за безбедноста на водата за пиење што ја користи населението од Општина Битола за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за безбедноста на водата за пиење што ја користи населението од Општина Битола за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр.07-42/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола

(„Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

### З А К Л У Ч О К
### за усвојување Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2012 година

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

### З А К Л У Ч О К
### за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2012 година

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

### З А К Л У Ч О К
### за усвојување Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2012 година

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член

54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за ризикот од исхраната и ухранетоста на училишните деца за 2012 година**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за ризикот од исхраната и ухранетоста на училишните деца за 2012 година, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Информацијата за ризикот од исхраната и ухранетоста на училишните деца за 2012 година**

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за ризикот од исхраната и ухранетоста на училишните деца за 2012 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучокот за усвојување Информација за санитарно-хигиенската сосотојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и исхраната на истите**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информација за санитарно-хигиенската сосотојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и исхраната на истите, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување Информација за санитарно-хигиенската сосотојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и исхраната на истите**

1. СЕ УСВОЈУВА Информација за санитарно-хигиенската сосотојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и исхраната на истите.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен

весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информацијата за одржување и функционирање на спомен обележјата, спомениците и други објекти важни за културно-историското минато на градот

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информацијата за одржување и функционирање на спомен обележјата, спомениците и други објекти важни за културно-историското минато на градот, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/8
25.11.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информацијата за одржување и функционирање на спомен обележјата, спомениците и други објекти важни за културно-историското минато на градот

1. СЕ УСВОЈУВА Информацијата за одржување и функционирање на спомен обележјата, спомениците и други објекти важни за културно-историското минато на градот.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/10
20.11.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Програмата за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Програмата за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/9
25.11.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Програмата за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Програмата за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/11
20.11.2013 г.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2013 година

1. Ја објавувам Програмата за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2013 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 09/2011), член 70 од Статутот на Општина Битола ( „Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2013 година

**Вовед**

Програмата за управување со отпад претставува плански документ произлезен од Законот за управување со отпад (член 19 Сл. весник на РМ бр. 9/11). Истата претставува основа за реализација на активностите предвидени во Планот и програмата за управување со отпад на општина Битола, донесен од страна на Совет на општина Битола, а одобрен од страна на министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата за управување со отпад е изработена согласно законските барања на Законот за управување со отпад, а при изработката на истата користени се препораките на НЕАП-2, Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија 2008-2020, Националниот план за управување со отпад на Република Македонија 2009-2015 и Планот и програмата за управување со отпад на општина Битола.

Со Програмата за управување со отпад се утврдуваат мерките и активностите што треба да се превземат од страна на субјектите кои управуваат со отпадот во тековната година за подобрување на општата состојба во управувањето со отпадот и заштитата на животната средина.

Програмата подразбира организиран систем на постапување со отпадот односно, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад, процесите на селектирање, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето, со цел правилно управување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола.

### 1. Процена на видот и на количеството на отпад што се создава во Општина Битола на годишно ниво

Собирањето и транспортирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола се врши од вкупно 16 реони, со 18 специјални возила за собирање и транспортирање на отпадот. Од 13 реони се врши собирање на комунален отпад од домаќинства, од 1 реон се врши комбинирано собирање на комунален отпад од домаќинства и индустриски неопасен отпад, од 1 реон се врши исклучиво собирање на индустриски неопасен отпад, а од 1 реон се врши селективно собирање на отпадна хартија и отпадна пластика (PET).

Врз основа на анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола во 2013 година на територијата на општина Битола од вкупно 23500 физички лица и 2470 правни лица, корисници на комуналната услуга, се очекува да бидат собрани околу 29650 тони отпад годишно.

Од вкупните колични на собран отпад, 26200 тони/год. е комунален отпад собран од физички лица, додека 3450 тони/год. е индустриски неопасен отпад.

Од селективниот процес на собирање на отпадна хартија до октомври 2013 година собрани се 205,5 тони отпадна хартија, додека количините на собрана пластика се минорни со оглед на проблемот со дивите нелегални собирачи на РЕТ пластиката. До крајот на годината се очекува да бидат собрани околу 265 тони отпадна хартија.

За собирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола поставени се специјализирани садови за собирање на истиот и тоа: 1450 контејнери од 1,1м$^3$, 22 контејнери од 5м$^3$, пластични канти од 120-240 литри и импровизирани садови.

За селективно собирање на отпадот на територјата на општина Битола поставени се 20 пластични контејнери од 1,1 м$^3$ и 77 мрежасти контејнери во плава боја за собирање на отпадна хартија и 20 пластични контејнери од 1,1м$^3$ и 68 мрежасти контејнери во жолта боја за собирање на отпадна пластика (РЕТ).

## 2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создаден отпад

Почитувајќи ги законските регулативи на Република Македонија за управување со отпадот, посебно Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина, **Програмата за управување со отпадот** ги предвидува следните мерки за намалување на количеството на отпад:

- Избегнување на создавање на големи количини на отпад на местото на изворот на отпадот;
- Преработка на создадениот отпад на местото каде се создава или доколку отпадот не може да биде преработен на местото каде е создаден да биде пренесен на преработка или да биде отстранет во најблиското место определено за таа намена;
- Преработка на отпадот да се врши по пат на рецилирање, повторна употреба или во друг процес на екстракција на секундарни суровини или користење на отпадот како извор на енергија;
- Во процесот на производство, примена на технологии за почисто производство, како и употреба на материјали и суровини со чија преработка се добиваат помали количини на отпад.

За реализиција на предвидените мерки потребно е спроведување на следните активности:

- Анализа на видот и количините на отпад, мерење на количините на отпад;
- Ревизија на постоечките шеми за собирање на отпадот и воспоставување на интегрирана шема за управување со отпадот;
- Проширување на услугата во руралните средини;
- Набавка на специјални возила за собирање на отпадот;
- Набавка на специјализирани садови за собирање на комуналниот отпад;
- Воведување на шеми за собирање на гломазен отпад, гранки, лисја како и опасен отпад од домаќинствата;
- Имплементација на проект за изградба на места за поставување на садови за отпад – еко острови (ниши засеци за контејнери);
- Имплементација на проект за изградба на подземни контејнери;
- Утврдување на локација за рециклажен двор и локација за претоварна станица;
- Управување со дивите депонии (мониторинг, расчистување и рекултивација);
- Управување со индустриски неопасен отпад – почитување на препораките за управување со отпад во Б-интегрираните дозволи и следење на спроведувањето на програмите на правните и физичките лица што создаваат индустриски неопасен отпад;
- Управување со градежен шут –определување на локација за депонирање на градежен шут и информирање на правните и физичките лица за постапувањето со таквиот вид на отпад.

## 3. Начин на остварување на обврските на правните и физичките лица кои управуваат со отпадот

Остварувањето на обврските на правните и физичките лица се врши според основните начела за заштита на животната средина при управувањето со отпадот, преку правилата за постапување со отпадот дадени во законската регулатива на Република Македонија, односно Законот за управување со отпад и Правилниците произлезени од него кои се однесуваат на управувањето со отпадот.

При остварувањето на своите обврски за управување со отпадот, правните и физички лица се должни да обезбедат висок степен за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето. Обврските за постапките во процесот на управување со отпадот да ги изведуваат со посебно внимание и на начин со кој ќе избегнат:

- Загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Загадување на водите, воздухот и почвата над пропишаните вредности;
- Создавање на бучава и непријата мириза;
- Уништување на природните услови за живот на животните и растенијата;
- Нагрдување и неуредување на објектите и просторот во урбаните зони и подрачја надвор од урбаните зони;
- Неконтролирано отстранување на отпадот, оставање, фрлање, запалување или некотролирано отстранување на отпадот;

При остварување на своите обврски при управувањето со отпадот правните и физичките лица се должни:

- Да ги почитуваат општите и посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад издадени од надлежен државен и локален орган;
- Да го селектираат отпадот, да ги утврдат неговите карактеристики и да го класифицираат според Листата на видови на отпад;
- Да вршат контрола на влијанијата на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- Да го одделат опасниот дел содржан во отпадот и да го предадат на предвидени места за предавање на истиот;
- Да го собираат во специјализирани садови наменети исклучиво за собирање на отпад;
- Да ја почитуваат шемата на собирање и транспорирање на отпадот изработена од давателот на услугата;
- Да го предадат собраниот отпад на давателот на услугата на територијата на општината;
- Да ги почитуваат препораките за управување со отпадот наведени во Б-интегрираните дозволи и препораките во програми за управување со отпад;
- Да го почитуваат начелото “загадувачот плаќа“, односно да ги сносат сите трошоци настанати при управувањето со отпадот, вклучувајќи ги трошоците за собирање, транспортирање, третман, складирање, отстранување, превенција и мониторинг како и трошоците за санационите мерки за штетата која што ја предизвикал отпадот.

## 4. Мерки и активности за селекција на отпадот, вклучувајќи го и издвојувањето на опасните состојки во отпадот

Основните мерки за селекција на создадениот отпадот треба да се предвидат уште на самиот извор, со цел да се оствари максимално искористување на материјалната и на енергетската вредност на отпадот по најниска можна цена, а потенцијалот на опасност на неупотребливите остатоци што треба да се депонираат да се сведе на минимум.

Воспоставената мрежа за селективно собирање на отпадот претставува посебна форма на систем на селективно собирање за поединечни посебни текови на отпад врз основа на принципот за одговорност на производителот.

Предвидените мерки се следни и се однесуваат на:

- Воспоставување на систем на селективно собирање на хартија и пластика на целокупната територија на општината како и воспоставување на систем на собирање на посебни текови на отпад: отпад од пакување, отпадно масло, електричен и електронски отпад, батерии и акумулатори, а како посебен систем собирање на гломазен отпад и градежен шут.

Активностите за реализација на предвидените мерки за селектирање на отпадот би се сведиле на следното:
- Дополнително распоредување на садови за селективно собирање на отпадна хартија и отпадна пластика (PET), пред се поставени во колективни стамбени објекти;
- Дополнително распоредување на садови по индивидуалните домаќинства за собирање на сув и воден отпад;
- Проект за изградба на рециклажен двор;
- Потпишување на договори на општината со овластени правни лица за постапување со: пакување и отпад од пакување, електричен и електронски отпад и отпадни батерии и акумулатори.

## 5. Мерки и активности за поттикнување на компостирање на биоразградлив отпад

На територијата на општина Битола не постојат точни податоци за количините на биоразградлив отпад. Организиран начин на собирање на биоразградлив отпад се врши од страна на ЈП Комуналец Битола, поточно од РЕ Јавно зеленило која врши одржување на јавните прометни и јавните зелени површини од каде собира трева, гранки и лисја.

Мерките и активностите за поттикување на компостирањето на биоразградлив отпад ќе започнат со реализација на пилот проект од старна на ЈП Комуналец за компостирање на биоразградлив отпад кој ќе биде како основа за отпочнување на јавна кампања за отпочнување на процес на индивидуално компостирање во домаќинствата.

## 6. Начин на работа на објектите и инсталациите за преработка и за отстранување на отпадот

За преработка на комуналниот и другите видови на неопасен отпад не постои современа инсталација. Собраните селектирани количини на отпадна хартија и отпадна пластика од страна на ЈП Комуналец и од правните лица кои вршат откуп на отпадна хартија и отпадна пластика, се пресоваат со хидраулични преси. Само еден правен субјект врши механички третман на PET пластиката (врши нејзино сецкање). Собраните количини на хартија и пластика се предаваат на понатамошен третман на правни лица овластени за постапување и управување со ваков вид на отпад.

Собраните количини на отпад се депонираат во депонијата Мегленци со која управува ЈП Комуналец Битола. За работа на истата изработен е **План и програма за депонирање на комунален отпад во депонија Мегленци (2008-2013) и Програма за работа на депонијата Мегленци (2010-2013).**

За успешна работа на инсталациите за преработка и депонирање на комуналниот отпад потребно е:
- реализирање на годишни програми на правните лица кои поседуваат инсталации за постапувње со отпад;
- водење на евиденција и известување на надлежните органи за видот, количеството и потеклото на отпадот;
- да се применуваат најдобри достапни техники и технологии во процесот на преработка на отпадот кои ќе обезбедат почисто производство;
- обука на вработените кои учествуваат работата на инсталациите.

## 7. Начин за едукација и за подигнување на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето со отпадот

Подигнувањето на свеста на јавноста и на сите инволвирани субјекти во врска со управувањето со отпадот е неизбежна алка во воспоставувањето и функционирањето на успешниот систем за управување со отпадот. Воспоставувањето на системот за

комуникција во областа за управување со отпадот претставува еден од најважните услови за инволвирањето на граѓаните во системот за управување со отпадот. Ваквата активност ќе се реализира преку процес на комуникација или кампања за градење на свеста на јавноста кој како модел ќе ги опфати следните аналитички точки:

- идентификација на загриженоста на јавноста во врска со постојната практика за управување со отпадот;
- идентификација на целните групи во јавноста;
- одредување и анализа на поважните проблеми со сегашната и со планираната практика на управувањето со отпадот;
- анализа на ставовите во врска со проблемите во животната средина, особено во врска со новите методи на третман и одлагање на отпадот како дел од управувањето со истиот;
- анализа на социо-економските карактеристики на индиректно засегнатото население.

Паралелно со изработката на моделот за реалзиација на кампањата за градење на света потребно е да се изврши:

- Едукација за управување со отпад на локалната администрација, однсно на луѓето кои работат во секторот за управување со отпад;
- Едукација на вработените кои постапуваат со отпадот;
- Едукација на членовите на здруженијата на граѓани во различни области;
- Организирање на обуки и
- Кадровско зајакнување на надлежните институции и органи на локално ниво.

Спроведувањето на кампањата за информирање на јавноста фокусирана на управувањето и постапувањето со отпадот, ќе се сведи на следните групи на проблеми:

- стоп за влијанијата врз животната средина поради неправилно, неконтролирано и незаконско фрлање на отпадоци;
- повторно користење, рециклирање и обнова на отпадот;
- подобрување на системот на управувањето со опасниот отпад и создавање на интегриран пристап кон управувањето со отпадот;
- информирање на јавноста за општите прашања од доменот на управувањето со отпадот за планираните концепти на регионално управување со отпадот и финансиските добивки и позитивните ефекти за животната средина од таквите концепти;
- објавување на информативен материјал како посебен весник или брошура;
- обезбедување на наставни програми во образовниот систем со вклучени теми за животната средина;
- соработка со невладините организации и научни друштва.

## 8. Начинот на функционирањето на интегрираната мрежа за преработка на отпадот

Воспоставувањето на системот на интегрираната мрежа овозможува најбезбедно и најекономично отстранување на отпадот во инсталациите кои се најблиску до местото на создавањето на отпадот, како и користење на најсоодветни методи и технологии со кои се обезбедува високо ниво на заштита на животната средина. Истата претставува систем на објекти и инсталации за постапување со отпад кои се меѓусебно функционално поврзани.

Изработката на интегрираната мрежа е со цел утврдување на потребните организациони и технички средства потребни за целосно покривање на опслуженото подрачје со соодветна услуга. Интегрираната мрежа содржи:

- Кои населени места и кои создавачи на отпад ќе бидат опслужени;
- Бројот на жителите и густината на населението;
- Просечните годишни количини на создавање на отпадот;
- Просторно – географскиот распоред на генераторите на отпад на даденото подрачје;
- Состојбата со патната мрежа што ги поврзува објектите и подрачјето;
- Видови и средства за примарно собирање на отпадот;

- Технички опции кои одговараат на даденото подрачје.

## 9. Реализација на мониторингот и информативниот систем во областа на управувањето со отпадот

**Организација на мониторинг**

Организацијата на мониторинг системот се врши во согласност со надлежен државен орган преку воспоставување и спроведување на мониторинг на локално ниво за управување со неопасен отпад.

Мониторингот на управувањето со отпадот се состои од:

- Следење на состојбите со управувањето со отпадот;
- Собирање и доставување на податоци за видот, количеството и за потеклото на создадениот, преработениот и отстранетиот отпад;
- Земање и испитување на мостри;
- Контрола, обработка и анализа на податоците;
- Обезбедување на информации за влијанието на создадениот отпад врз животната средина.

**Организација на информативен систем**

Организирањето на информативниот систем на локално ниво обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасниот отпад.

Информативниот систем содржи:

- Податоци за мониторингот на управувањето со отпадот на локалната мрежа;
- Податоци за мониторингот од изворите на загадување предизвикани од управувањето со отпадот;
- Податоци од мониторингот на одделни извори;
- Податоци за видот на отпадот;
- Податоци од катастарот на создавачи на отпад на локално ниво;
- Податоци од планот за управување со отпад на општината;
- Податоци за спроведување на програмите за управување со отпад на правните и физичките лица;
- Податоци од евиденцијата на отпадот;

Успешната реализација на мониторингот и информативниот систем е основна база за следење и спроведување на Програмата за управување со отпад на општина Битола. За таа цел потребно е:

- Формирање на работна група од претставниците на јавните претпријатија и компетентните сектори на општината;
- Формирање и одржување на базата на податоци;
- Одржување на работни состаноци на сите субјекти инволвирани во реализацијата на Планот и програмата за управување со отпад, усвојување и давање препораки;
- Евидентирање на количините на отпад по видови, податоци за корисниците на услугите, структура по дејности, покриеност на теренот, наплата по групи корисници и сл.;
- Изготвување на Програма за управување со отпад;
- Изготвување на годишен извештај за реализација на Програмата за управување со отпад;
- Организирање на јавна кампања за информирање на граѓаните за спроведување на активностите од Планот и програмата за управување со отпад преку јавните гласила.

**Извори на финансирање на предвидените мерки и активности**

Финансирањето на мерките и активностите предвидени во Програмата се реализираат од повеќе извори како:

- Буџет на општина Битола;
- Средства на ЈП Комуналец;
- Буџет на Република Макдеонија.

Можни се и други извори на финансирање:

- Заеми од финансиски институции (Светска банка и сл);
- Билатерални донации (USAID, GTZ итн);
- Средства доделени по основ на CDM проекти според Протоколот од Кјото;
- Средства од програми на ЕУ за јакнење на капацитетите на локалната самоуправа (теоретска обука преку работил-

ници, семари и посета на инсталации – системи за постапување со отпад);
- Средства од ЕУ кои подржуваат иновации и истражување;
- Инструменти за предпристапна помош на ЕУ (ИПА компоненти 1,3 и 4);
- Заеми од комерцијални банки и
- Приватен капитал (концесии, ЈПП и целосно приватен капитал).

Финансиска Конструкција

| **Мерка** | **Цена** | **Носител** |
|---|---|---|
| Анализа и мерење на количините на отпад | 20.000,00 ден | ЈП Комуналец Битола |
| Набавка на специјално возило за собирање, треанспортирање на комунален отпад | 3.000.000,00 ден | ЈП Комуналец Битола |
| Набавка на специјализирани садови за собирање на комуналниот отпад; | 2.000.000,00 ден. | ЈП Комуналец Битола |
| Изградба на еко острови | 50.000,00 ден | ЈП Комуналец Битола |
| Имплементација на проект за изградба на подземни контејнери; | | |
| Управување со дивите депонии (мониторинг, расчистување и рекултивација); | | Општина Битола |
| Проектни активности<br>- Локација за градежен шут;<br>- Проект за подземни контејнери;<br>- Проект за еколошки двор;<br>- Проект за собирање на сув и воден отпад;<br>- Проект за компостирање;<br>- Проект за претоварна станица. | | Општина Битола |
| Едукација и обука за управување отпад<br>- локалната администрација;<br>- вработените кои постапуваат со отпадот;<br>- членовите на здруженијата на граѓани во различни области; | 30.000 ден. | Општина Битола<br>ЈП Комуналец Битола |
| Објавување на информативен материјал | 10.000 ден. | Опшина Битола |
| Организирање на јавна кампања за информирање на граѓаните за спроведување на активностите од Планот и програмата за управување со отпад преку јавните гласила. | 50.000 ден. | Општина Битола |

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Правилникот за посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Правилникот за посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/11
25.11.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 43 став 2 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 09/2011), член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општината Битола“ број 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 20.11.2013 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад подрачјето на Општината Битола

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад, како и меѓусебните односи помеѓу давателот на услугата и корисникот на услугата на територијата на општина Битола.

## ОСНОВНИ ПОИМИ

### Член 2

**Комунален отпад** е отпад што се создава од физички лица од домаќинствата (отпад од домаќинства) и комерцијалниот отпад.

**Комерцијален отпад** е секој отпад создаден од правно или физичко лице при вршење на комерцијални, индустриски, услужни, административни и слични дејности, кои по својата природа или својот состав е сличен со отпадот од домаќинствата.

**Индустриски неопасен** отпад е отпад што се создава при производствените процеси во индустријата и не содржи опасни карактеристики, а според својствата, составот и количеството се разликува од комуналниот отпад.

**Инертен отпад** е отпад што е отпорен и не подлежи на никакви значителни физички, хемиски или биолошки трансформации, не согорува и не реагира на друг физички или хемиски начин, не се биоразградува, а отпадот и неговиот исцедок не влијаат на друга материја со која доаѓа во допир, на начин на кој може да ја загрозат животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**Градежен шут** е отпад настанат при рушење и реконструкција на објекти и улици, работа на градилишта, ископи и други градежни активности.

**Габаритен отпад** е отпад настанат во домаќинствата, кој поради својот габарит не може да се собере во садовите за отпад, не може да се селектира со останатиот отпад и не може да се транспортира.

**Биоразградлив отпад** е отпад од органско и растително потекло во мали количини вообичаени за домаќинставата кој може да се компостира.

**Собирање на комунален отпад** е збир на организирани дејности и активности коишто опфаќаат постапки со кои отпадот се подготвува за транспорт.

**Комунална услуга** е собирање и транспортирање на комуналниот отпад.

**Давател на услугата** е јавно претпријатие основано од општината.

**Корисник на услугата** се правни и физички лица на територијата на општината

кои создаваат комунален и друг вид на неопасен отпад.

**Создавач на отпад** е правно или физичко лице коешто создава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши или секое лице кое изведува операции на третман, мешање или други операции со кои се менува составот на отпадот.

**Поседувач на отпадот** е правно или физичко лице коешто созава отпад како резултат на дејноста или активноста што ја врши или секое лице кое изведува операции на третман, мешање или други операции поради карактерот или составот на создадениот отпад или има отпад во свое владение.

**Постапување со отпад** е собирање, селектирање, транспортирање, третман, преработка, складирање и отстранување на отпадот вклучувајќи го и надзорот над овие операции, како и мерките за заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето за време на работа на објектите и инсталациите за отстранување на отпадот.

**Управување со отпад** е избегнување и намалување на количествата на создаден отпад и неговото негативно влијание врз животната средина животот и здравјето на луѓето, вклучувајќи го и постапувањето со отпадот.

**Третман на отпадот** се маханички, физички, хемиски или биолошки процес, вклучувајќи го и сортирањето со кои се менуваат својствата на отпадот, со цел да се намали неговиот волумен или неговата опасна природа, да се олесни ракувањето со него или да се направи попогоден за прработка.

**Рециклирање на отпадот** е постапка со која се добиваат секундарни суровини од отпадот кои се користат како замена за примарни суровини.

## ВРШЕЊЕ НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА

### Член 3

Собирањето и транспортирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад се врши по систем на изнесување и по систем на донесување на отпадот, согласно шемата на собирање и транспортирање на отпадот изработена од давателот на услугата.

### Член 4

По систем на изнесување се собира отпад од домаќинства претходно собран и изнесен во соодветни садови на определни места и во определено време.

### Член 5

Собирањето на отпадот по системот на изнесување од индивидуални стамбени објекти се врши еднаш неделно, додека собирањето на отпадот од колективните стамбени објекти се врши најмалку два пати неделно.

Според потребата и динамиката на создавање на отпадот, собирањето на истиот од одредени места и локации се врши и повеќе од два пати неделно.

### Член 6

По систем на донесување се собира претходно селектиран отпад од домаќинствата како отпадна хартија и картон, пластика, стакло и габаритен отпад најмногу до 1м$^3$.

Отпадот собран по систем на донесување се донесува на места за собирање и селектирање определени според шемата за собирање и транспортирање на отпадот.

### Член 7

Собирањето на комуналниот отпад се врши исклучиво во специјализирани садови наменети за собирање на отпадот и тоа садови (пластични канти) со волумен од 120-360 литри, садови (метални или пластични) со волумен од 1,1м$^3$ и садови (метални) од 5м$^3$.

Собирањето на селектираниот отпад се врши исклучиво во специјализирани садови и тоа садови со волумен од 120-360 литри, садови од 1,1м$^3$ и мрежести контејнери со волумен од 1-1,5м$^3$.

### Член 8

Бројот и видовите на садовите за собирање на отпадот ги определува давателот на услугата.

Локациите каде ќе бидат поставени садовите за собирање на отпадот ги опредува давателот на услугата во согласност со над-

лежен општински орган, при што се зема во предвид поставеноста на садовите да не го попречува сообраќајот, пешачката зона ниту пак негативно да влијаат на естетскиот изглед на уредените јавни површини и урбаната опрема.

Локациите за одвоено собирање на отпадот (еколошките острови) ги определува давателот на услугата со претходна согласност од надлежен општински орган.

Бројот, големината на садовите и динамиката на собирање на отпадот ги определува давателот на услугата.

### Член 9

Во индивидуалните стамбени објекти садовите се поставуваат во дворовите и на денот на вршењето на услугата корисниците се должни истите да ги изнесат надвор од дворовите и после празнењето истите да ги вратат во дворовите.

Во колективните стамбени објекти садовите се поставуваат на места достапни за давателот на услугата непречено да ја изврши дејноста.

Садовите за собирање на отпад може да се постават на површина на сопственост на правно или физичко лице само со писмено одобрување на истите.

За домаќинства во приградски и селски населби каде собирањето на отпадот не е возможно поради неуредени патишта, тесни и непристапни улици, давателот на услугата поставува садови од 1,1$м^3$ за заедничко користење на услугата.

### Член 10

Местото на кое што се поставени садовите или каде треба да се донесат садовите од страна на корисникот на услугата, не треба да биде подалеку од 15м од местото до кое може да пристапи возилото за собирање и транспортирање на отпадот.

Доколку местото каде што се поставени садовите е подалеку од 15 метри, истите треба да бидат донесени на работ на улицата на денот на празнењето од создавачите, односно од поседувачите на отпадот кои имаат обврски по нивното празнење да ги вратат на првобитните локации.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА КОРИСНИКОТ НА УСЛУГАТА

### Член 11

Корисникот на услугата должен е истата да ја користи на начин и услови пропишани со овој Правилник согласно со **Шемата за собирање и транспортирање на отпадот.**

### Член 12

Корисникот на услугата должен е да поднесе известување до давателот на услугата за отпочнување со услуга за собирање и транспортирање на отпадот со пополнување на Пријава за користење на услугата.

Во Пријавата за користење на услугата корисникот е должен да наведе точни податоци за името и презимето на физичкото или правното лице корисник на објектот, точната адреса на објектот, површината на објектот кој го користи и дејноста што ја врши.

### Член 13

Правното лице корисник на услугата покрај пополнувањето на Пријавата должно е со давателот на услугата да потпиши и Договор за собирање и транспортирање на комерцијален отпад.

Склучен договор помеѓу правното лице корисник на услугата и давателот на услугата се смета и во случај кога не е потпишан договор за користење на комуналната услуга, а истата се врши од страна на давателот на истата.

Правните и физичките лица кои создаваат неопасен комунален отпад над предвидените количини согласно Законот за управување со отпад наведени во член 21 став 1, должни се да изработат Програма за управување со отпад и да ангажираат лице Управител со отпад.

### Член 14

Корисникот на услугата е обврзан да го извести давателот на услугата доколку дојде до промена на сопственикот или корисникот на објектот, промена на просторот за користење, промена на дејноста или пак до други релевантни промени кои ќе влијаат на меѓусебните односи помеѓу корисникот и давателот на комуналната услуга и тоа во

рок од 30 дена од денот на настанувањето на промената и писмено да го извести давателот на услугата.

Ненавремено известување за настанатите промени на корисникот или сопственикот, од страна на корисникот на услугата, нема да се имаат во предвид при што сите настанати дополнителни трошоци припаѓаат на штета на корисникот на услугата.

Доколку корисникот на услугата не извести навремено дека има промена на сопственикот или корисникот на станбениот или деловниот простор кој го користи, тогаш надоместокот за собирање и транспортирање на комуналниот отпад паѓа на негов терет.

**Член 15**

Корисникот на услугата може да ја откажи комуналната услуга само во случај на преселување, градба, доградба, реконструкција на објектот, престанок на вршење на дејноста, или пак привремено иселување со поднесување на барање во рок од 30 дена од денот на отпочнувањето на активностите или од престанокот на дејноста, при што како доказ потребно е да приложи соодветна документација.

Ненавременото известување од страна на корисникот на услугата нема да се зема во предвид при што сите настанати трошоци припаѓаат на штета на корисникот на услугата.

**Член 16**

Корисникот на услугата должен е отпадот да го собира во специјализирани садови наменети за собирање на отпадот и тоа:

- Во индивидуални домаќинства садови со волумен од 120 до 360 литри;
- Во колективни стамбени објекти садови со волумен од 1,1$м^3$;
- Во индустриски објекти садови со волумен од 120 до 360 литри и контејнери од 1,1$м^3$ и 5$м^3$.

Корисникот на услугата не смее отпадот да го одлага до садовите за собирање на истиот.

Отпад одложен на друг начин нема да се собира, а давателот на услугата за таквата постапка на корисникот должен е да ја извести комуналната инспекција.

**Член 17**

Корисникот на услугата не смее да ја менува положбата каде се поставени садовите за собирање на отпадот. Во случај на преместување на истите корисникот на услугата одговара за настанатата штета предизвикана од преместувањето на садовите.

**Член 18**

Корисникот на услугата не смее да ги оштетува садовите за собирање на отпад, ниту пак во нив да става полутечни и течни материи, жар и пепел, трупови и остатоци од животни, батерии и акумулатори, автомобилски гуми, отпад од кланици, месарници, кланици и рибарници, градежен шут, отпад од пакување и опасен отпад.

**Член 19**

Корисникот на услугата должен е отпадот да го селектира според неговите карактеристики, да го класифицира според Листата на видови на отпад, односно да ги оддели корисните компоненти и да ги предаде на места предвидени за нивно предавање, а комуналниот отпад да го предаде на давателот на услугата за собирање и транспортирање на комунален отпад на територијата на општина Битола.

**Член 20**

Корисникот на услугата должен е опасниот дел содржан во отпадот да го оддели и да го предаде на места предвидени за собирање на опасен отпад согласно Шемата за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 21**

Во случај на користење на заеднички контејнери корисникот на услугата е должен собраниот отпад да го одлага во поставените контејнери од 1,1$м^3$.

Во случај кога возилото не може да влези поради тесна улица, изведување на градежни или други работи или пак постои друга пречка, корисникот на услугата е должен да ги донесе садовите за собирање на отпадот до 15м до пристапот на возилото, а веднаш по празнењето истиот е должен да ги врати на предходното место.

## ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА УСЛУГАТА

**Член 22**

Давателот на услугата собирањето и транспортирањето на отпадот го врши согласно Шемата за собирање и транспортирање на истиот.

Давателот на услугата собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад го врши со специјализирани возила наменети за собирање и транспортирање на истиот.

Давателот на услугата е одговорен за безбедно транспортирање на отпадот од местото на неговото создавање до местото на неговото предавање, односно депонирање.

Во случај на загадување на животната средина настанато при транспорт на отпадот, давателот на услугата е должен за отстранување на настанатите загадувања и настанатата штета по животната средина.

**Член 23**

Давателот на услугата собирањето на комуналниот отпадот го врши од специјализирани садови за собирање на истиот.

Истиот е должен е да обезбеди садови за собирање на отпад на трошок на корисникот на услугата.

По исклучок, корисникот на услугата може да си набави садови за собирање на отпад на сопствен трошок.

За новоизградените колективни станбени објекти садовите за собирање на отпад ги набавува инвеститорот.

За селективно собирање на отпадот давателот на услугата должен е да постави специјализиарани садови за селектирање на отпадот согласно Шемата за собирање и транспортирање на отпадот.

**Член 24**

Давателот на услугата ги определува бројот, типот и видот на садовите во кои се врши собирање на отпадот кои се определуваат со овој Правилник и тоа:

- За индивидуални корисници до 4 члена пластична канта од 120 литри;
- За индивидуални корисници од 4 до 6 члена пластична канта од 240 литри;
- За корисници во колективни стамбени објекти соодветен сад (контејнер) од 1,1м$^3$ наменет за користење до 10 домаќинства;
- За индустриски објекти според потребата соодветен сад од 120-360 литри или контејнер 1,1м$^3$ или од 5м$^3$.

**Член 25**

Давателот на услугата во зависност од видот на отпадот, должен е садовите или капаците на садовите да ги бојадиса во соодветна боја според нивната намена и тоа:

- Хартија и картон – плава боја;
- Амбалажа – жолта боја;
- Биоразградлив отпад – кафеава боја;
- Отпад за отстранување – зелена боја;
- Градинарски отпад – во соодветни вреќи.

**Член 26**

Давателот на услугата должен е садовите за собирање на комуналниот отпад да ги одржува во исправна состојба и тоа:

- За индивидуални корисници на сопствен трошок;
- За правни корисници на трошок на правното лице.

Цената за поправка на садовите е утврдена со Ценовник изработен од страна на давателот на услугата.

**Член 27**

Во случај на оштетување на садовите поради неправилно ракување од страна на давателот на услугата, корисникот на услугата има право на замена на садовите при што за настаната штета се прави записник.

**Член 28**

Давателот на услугата е должен садовите од 1,1м$^3$ поставени во колективните стамбени објекти еднаш годишно да ги дезинфицира и дезинсекцира.

**Член 29**

Во случај на прекин на услугата, давателот на услугата е должен во најкраток можен рок да го извести корисникот на услугата.

Давателот на услугата е должен да го собери, да го исчисти и да го транспортира целиот комунален отпад кој настанал поради прекин на извршувањето.

## НАЧИН НА НАПЛАТА НА КОМУНАЛНАТА УСЛУГА

**Член 30**

Корисникот на услугата плаќа месечна комунална сметка на основа на извршена услуга.

Цената за извршената комунална услуга е определена Согласно Законот за управување со отпад, а утврдена со одлука на Совет на општината на предлог на градоначалникот.

Во случај на измена на цената на извршената комунална услуга давателот на услугата ги извества корисниците на услугата по пат на поединечни известувања дадени во нивните сметки.

**Член 31**

Рокот на подмирување на сметката е назначен на секоја испорачана сметка. Доколку корисникот на услугата не ја плати сметката во определениот рок, давателот на истата ќе пресмета законски затезна камата.

**Член 32**

Во случај на пречекорено плаќање на цената на комуналната услуга, давателот на услугата може да ја намали обврската за плаќање за наредниот месец.

**Член 33**

Во случај на погрешно пресметана сметка за извршената услуга корисникот на услугата е должен веднаш, а најкасно во рок од 7 дена од денот на приемот на сметката да поднесе приговор со што писмено ќе го извести давателот на услугата.

**Член 34**

Давателот на услугата е должен да одговори на приговорот во рок од 5 дена од денот на приемот на приговорот. Доколку се прифати приговорот давателот на услугата е должен да изврши промена на истата.

**Член 35**

Во случај корисниците на услугата да не плаќаат комунална сметка, односно одбиваат плаќање, давателот на услугата може привремено да ја запре услугата, да ги повлече садовите за собирање на комунален отпад се до подмирувањето на долгот за извршената услуга.

## ПОСТАПУВАЊЕ СО ГЛОМАЗЕН ОТПАД

**Член 36**

Собирањето на габаритниот отпадот се врши по систем на донесување со организирани мобилни услуги од страна на давателот на услугата.

**Член 37**

Давателот на услугата е должен да врши собирање на гломазен отпад согласно Шемата за собирање на отпад и тоа два пати годишно во месеците април и октомври.

Собирањето на гломазниот отпад се врши од опредлени пунктови со мобилни екипи определни од давателот на услугата.

Давателот на услугата е должен преку соопштение да ги извести корисниците најмалку 5 дена пред почетокот на акцијата

**Член 38**

Давателот на услугата можи по барање и трошок на корисникот на услугата да изврши собирање на гломазен отпад надвор од наведените термини.

**Член 39**

Корисникот на услугата можи и во текот на годината сам да го однесе гломазниот отпад на определената локација – рециклажниот двор.

## ПОСТАПУВАЊЕ СО ИНЕРТЕН ОТПАД – ГРАДЕЖЕН ШУТ

**Член 40**

Правноте или физичките лица кои создаваат инертен отпад – градежен шут при изведување на градежни, преработувачки, занаетчискиили други работи должни се сами да го соберат и да го транспортираат отпадот на места определени од општината, или да го предадат на овластени правни и физички лица кои собираат таков вид на отпад.

**Член 41**

Правните или физичките лица кои создаваат инертен отпад – градежен шут се должни да обезбедат доказ дека инертниот отпад го предале на овластени правни и физички лица кои собираат таков вид на отпад.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 42**

Надзорот над примената на овој Правилник го врши надлежен општински орган од областа на животната средина.

Инспекциски надзор над примената на овој правилник вршат државниот комунален инспекторат за животна средина.

**Член 43**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2014 до 2016 година

1. Ја објавувам Програмата за развојни планови во Општината Битола за периодот од 2014 до 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 21 и член 29 од Законот за буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05, 4/08 и 103/08), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2014 до 2016 год.

Со оваа Програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата започнува со реализација во 2014 г., а плановите опфатени со неа имат рок за реализрање во наредните 3 години, поточно заклучно со 2016 година. Планираните средства на оваа двегодишна развојна програма изнесуваат **431.053.187,00 денари**. (Прилог 1 - составен дел на оваа програма).

Средствата во висина од **101.039.937,00 денари** се определени од буџетот на Општина Битола за 2014 год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина од **166.916.093,00 денари** ќе се определени од буџетот на Општина Битола за 2015год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Средствата во висина **163.097.157,00 денари** ќе се определени од буџетот на Општина Битола за 2016год. и се распределуваат на начин како што претходно потенциравме во Прилог 1.

Планираните средства од претходната Развојна програма 2013-2014 за одведување и пречистување на отпадни води во згради БЛР1 во вкупна вредност од 7.558.339,00 се пренаменуваат во изградба на фекална и атмосверска канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 од причини што ЈП за ССДП сѐ уште нема отпочнато со изградба на колективни згради во БЛР1.

Расходите за изградба и реконструкција на улици, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, из-

градба на системи за водоснабдување, изградба на јавно осветлување, реконструкцијата на мостот и изградбата на киното и реконструкција на стадионот ќе се извршуваат согласно динамиката на приливот на средствата.

Динамиката на реализацијата, со утврдување на приоритет за реализација ја утврдува Градоначалникот и Комисијата за јавни и комунални дејности, а ја реализира Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни и комунални дејности и Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на наредната годината, односно до донесување на наредната Програма за Развојни планови, и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ НА РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ ПО ГОДИНИ Од 2014 до 2016 година

| Ред бр. | Име на буџетска програма | Име на развојна програма | Планирани работи на изведување | Износ за 2014 во ден | Износ за 2015 во ден | Износ за 2016 во ден |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JD | | **Изградба и реконструкција на улици и локални патишта** | | | |
| 1 | | JDL | Реконструкција на магистрални улици ул.Булевар 1-ви Мај,ул.Довлеџик како дел од регионален пат Р-106, I фаза | 22.386.525,00 | / | / |
| 2 | | JDZ | **Изградба на улици во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2** | 13.000.000,00 | 33.185.296,00 | 52.847.267,00 |
| 3 | | JDM | Реконструкција на дел од улица „Владимир Назор“ со изградба на кружен тек кај бензинската пумпа „Лук Оил“ | 400.000,00 | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JI | | **Изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води** | | | JI |
| 4 | | JIZ | Изградба на атмосверска и фекална канализациона мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 | 13.340.140,00 | 20.411.180,00 | 13.340.140,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JG | | **Изградба на систем за водоснабдување** | | | |
| 5 | | JGZ | Изградба на систем за водоснабдување во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 | 5.172.541,00 | 6.733.798,00 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | JA | | **Изградба на јавно осветление** | | | |
| 6 | | JAZ | Изградба на осветлување и нисконапонска кабловска мрежа во АРМ четврт 1 и АРМ четврт 2 | 4.800.000,00 | 7.000.000,00 | 4.409.750,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | КА | КАА | **Културно творештво и манифестации (капитални трошоци)** | | | |
| 7 | | КАА | Изградба на кино Манаки | 20.000.000,00 | 7.585.819,00 | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕА | | **Капитални трошоци** | | | |
| 8 | | ЕАА | Реконструкција со доградба на „Црн мост“-Битола со санација на обемните ѕидови | 11.940.731,00 | / | / |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | LA | | **Спорт и рекреација (Капитални трошоци)** | | | |
| 9 | | LAA | Реконструкција на стадионот под Тумбе кафе | 10.000.000,00 | 87.000.000,00 | 87.500.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Вкупно по години: | 101.039.937,00 | 166.916.093,00 | 163.097.157,00 |
| | | | Сè вкупно: | **431.053.187,00** | | |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/13
25.11.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и бр.162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО **Долно Оризари** со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.**КП бр.933 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**2.**КП бр.935 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**3.**КП бр.954/1 КО Долно Оризари (зграда 1)
**4.**КП бр.1025 КО Долно Оризари (зграда 1)
**5.**КП бр.1039 КО Долно Оризари (зграда 1)

**6.**КП бр.1152 КО Долно Оризари (зграда 1)
**7.**КП бр.1171 КО Долно Оризари (зграда 1)
**8.**КП бр.1172 КО Долно Оризари (зграда 1)
**9.**КП бр.1204/1 КО Долно Оризари (зграда 1)
**10.**КП бр.1204/2 КО Долно Оризари (зграда 1)
**11.**КП бр.1206/1 КО Долно Оризари (зграда 1)
**12.**КП бр.1240 КО Долно Оризари (зграда 2)
**13.**КП бр.1303 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**14.**КП бр.1330 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**15.**КП бр.1335 КО Долно Оризари (зграда 1)
**16.**КП бр.1363/1 КО Долно Оризари (зграда 1 и 3)
**17.**КП бр.1406 КО Долно Оризари (зграда 1)
**18.**КП бр.1501/1 КО Долно Оризари (зграда 1)
**19.**КП бр.1661 КО Долно Оризари (зграда 2)
**20.**КП бр.1678 КО Долно Оризари (зграда 1)
**21.**КП бр.1692 КО Долно Оризари (зграда 2)
**22.**КП бр.1695/1 КО Долно Оризари (зграда 1)
**23.**КП бр.1705 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**24.**КП бр.1711 КО Долно Оризри (зграда 1,2 и 3)
**25.**КП бр.1717 КО Долно Оризари (зграда 1)
**26.**КП бр.1733 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**27.**КП бр.1737 КО Долно Оризари (зграда 1)
**28.**КП бр.1745 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**29.**КП бр.1748 КО Долно Оризари (зграда 1)
**30.**КП бр.1749 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**31.**КП бр.1791 КО Долно Оризари (зграда 1)
**32.**КП бр.1794 КО Долно Оризари (зграда 1)
**33.**КП бр.1837/8 КО Долно Оризари (зграда 1)
**34.**КП бр.1837/16 КО Долно Оризари (зграда 1)
**35.**КП бр.1842 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**36.**КП бр.1856 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)
**37.**КП бр.1858 КО Долно Оризари (зграда 1 и 2)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и бр.162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО **Нижеполе** со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.**КП бр.440/3 КО Нижеполе (зграда 1)
**2.**КП бр.445/4 КО Нижеполе (зграда 1)
**3.**КП бр.596/12 КО Нижеполе (зграда 1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација, со која ќе се изврши усогласување на намената на бесправните објекти со намена А-домување на земјиште со намена-КИС Хераклеа Линкестис, утврдена во важечката урбанистичко планска документација-ГУП на град Битола и вклопување на истите во идна урбанистичко планска документација

**1.**КП бр.18289 КО Битола (зграда 1)
**2.**КП бр.18296/2 КО Битола (зграда 1,2 и 3)
**3.**КП бр.18560 КО Битола (зграда 2 и 4)
**4.**КП бр.18572 КО Битола (зграда 1)
**5.**КП бр.18575 КО Битола (зграда 1)
**6.**КП бр.18585 КО Битола (зграда 1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на

**бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација**

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Крстоар со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.**КП бр.51 КО Крстоар (зграда 1)
**2.**КП бр.489 КО Крстоар (зграда 1)

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на

Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Дихово со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација:

**1.**КП бр.769/4 КО Дихово (зграда 1)
**2.**КП бр.834/4 КО Дихово (зграда 1)
**3.**КП бр.1087 КО Дихово (зграда 1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Битола“

Бр.07-42/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправниот објект КП 139 во КО Раштани со намена Г-магацин во идна урбанистичко планска документација:

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/1\20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лавци во идна урбанистичко планска документација

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лавци во идна урбанистичко планска документација, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 2 став 2 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. Весник на РМ“ бр. 56/2011 и 162/2012) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. Гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лавци во идна урбанистичко планска документација

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти во КО Лавци со намена А-домување во идна урбанистичко планска документација: **1.**КП бр.73 КО Лавци (зграда 1)**2.**КП бр.79 КО Лавци (зграда 1)

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел БЛОК 12 - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел БЛОК 12 - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член

70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел БЛОК 12 - Општина Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел БЛОК 12 - Општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презентација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1 Модул 1 Блок 1 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1 Модул 1 Блок 1 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1 Модул 1 Блок 1 - Битола

**Член 1**

СЕ УТВРДУВА Нацрт Детален урбанистички план за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА Бр. 1 Модул 1 Блок 1 – Битола,

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ,,ДАМЕ ГРУЕВ,, БЛОК 15 - Битола

1. Ја објавувам Одлуката за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ„ БЛОК 15 - Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/22 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување Нацрт ДУП за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА ,,ДАМЕ ГРУЕВ,, БЛОК 15 - Битола

### Член 1

СЕ УТВРДУВА Нацрт Деталeн урбанистички план за СТАНБЕНА ЗАЕДНИЦА „ДАМЕ ГРУЕВ,, БЛОК 15 – Битола.

### Член 2

По Нацрт Планот ќе се организира Јавна презенатација и јавна анкета.

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/24 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5“ - Општина Битола

1. Ја објавувам Одлуката за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5“ - Општина Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/23 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 10 ,17,17-а став 1 и 2 и член 26 став 5 алинеја 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ“ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/2012 и 55/13) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5“ - Општина Битола

### Член 1

СЕ ОТПОЧНУВА постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за „Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5 - Општина Битола.

Границата на планскиот опфат се движи: на север - по осовина на улица “Солунска “, на исток по осовина на улица“Крушевска“, на југ - по осовина на улица “Питу Гули“,на запад- по осовина на пристапна улица, по граница на КП 16406, по осовина на улица

"Христо Узунов" и по осовина на улица "Леринска"

Опфатот на вака предложениот ДУП има површина од приближно 2,00 ха.

**Член 2**

Финансирањето на постапката за изработка и донесување на ДУП за „Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5 - Општина Битола" ќе го врши подносителот на иницијативата.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-42/25 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод" Битола

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод" Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1569/24 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 11 став 1 точка 1 од Законот за јавните претпријатија („Сл. Весник на РМ" бр. 38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. Гласник на Општината Битола" бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод" Битола

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод" Битола бр. 02-780/2 од 18.10.2013 година донесена на седницата на Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие одржана на 18.10.2013 година.

**Член 2**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.07-42/26 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за престанок на Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот" Битола

1. Ја објавувам Одлуката за престанок на Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот" Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/25 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05) и член 48 алинеа 1 и 6 од Статутот на Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот“ Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## ОДЛУКА
## за престанок на Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот“ Битола

### Член 1

Со оваа Одлука престанува Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот“ Битола, заради престанок со работа.

### Член 2

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за основање Фондација „Центар за унапредување на туризмот“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/09) и Решението за давање согласност на Одлуката за основање Фондација „Центар за унапредување на туризмот“ Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 18/09).

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“ и ќе биде доставена до Централен регистер за понатамошно постапување по истата.

Бр.07-42/27 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Мајски Цвет“, ДГ „Коца Василева“, ДГ „Славејче“, ДГ „Качунка“ и ДГ „Звездичка“

1. Го објавувам Решението за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Мајски Цвет“, ДГ „Коца Василева“, ДГ „Славејче“, ДГ „Качунка“ и ДГ „Звездичка“, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/26 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 64 точка 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Мајски Цвет“, ДГ „Коца Василева“, ДГ „Славејче“, ДГ „Качунка“ и ДГ „Звездичка“

1. СЕ ДАВА согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Мајски Цвет“, ДГ „Коца Василева“, ДГ „Славејче“, ДГ „Качунка“ и ДГ „Звездичка“ бр. 02-396/1 од 06.11.2013 година, донесена на седницата на Управниот одбор на Установата одржана на 06.11.2013 година.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/28 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/27 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 114 точка 13 и 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители

на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Мајски Цвет“ Битола

1. Од Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка „Мајски Цвет“ Битола се разрешуваат: Ѓорги Тошев, Стево Бојаџиев и Горица Талевска, а на нивно место се именуваат:

- Софијана Пулевска, Педагошки факултет,
- Весна Јуруковска, ВШС, педагошка и
- Благоја Котевски, дипл.маш.инж.

2. На досегашниот член Ангелика Саботковска и престанува мандатот на член во Советот на родители на ЈОУ ДГ „Мајски Цвет“ Битола.

За нов член во Советот на родители се именува Јасмина Диневска, дипл. економист.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/29 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/28 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола се разрешуваат: Тони Чавдаров и Снежана Захариевска, а на нивно место се именуваат:

- Сашо Маурдев, м-р менаџмент,
- Николовска Маја, Педагошки факултет.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/30 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за формирање Совет за заштита на потрошувачите

1. Го објавувам Решението за формирање Совет за заштита на потрошувачите, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/29 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 56, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 61 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање Совет за заштита на потрошувачите

I.

Се формира Совет за заштита на потрошувачите во состав:

1. Снежана Димитровска, претставник од Организацијата на потрошувачи;
2. Зоран Настевски, ЈП „Пазари“ Битола;
3. Драга Фидановска, економист, вработена во ЈП „Комуналец“ Битола;
4. Љубица Митевска, дипл. правник, вработена во ЈКП „Водовод“ Битола;
5. Соња Живковиќ-Георгиевска, проф. во Гим. „Јосип Броз Тито“ Битола;
6. Наташа Илијовска, дипл.геодет, Одд. За катастар на недвижности Битола
7. Ирина Радевска, Агенција за државни службеници Битола.

II.

Советот за заштита на потрошувачите разгледува прашања и утврдува предлози кои се однесуваат на квалитетот на услугите на јавните служби основани од него.

III.

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-42/31 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година

1. Го објавувам Решението за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.11.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1569/30 ГРАДОНАЧАЛНИК
25.11.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 141 од Деловникот на Советот на Општината Битола („Службен гласник на Општинта Битола“ бр. 15/05), Советот на Општината Битола, на седницата одржана на 20.11.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година

1. Се формира Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година, во состав:

   1. Силвана Ангелевска – Председател
   2. Игор Хаџиевски, член
   3. Николче Јанкуловски, член
   4. Горан Михајловски, член
   5. Иса Ибиш, член,
   6. Стојан Кулевски, член
   7. Леонида Чолаковски, член
   8. Васко Ковачевски, член
   9. Валентин Груевски, член
   10. Габриела Илиевска, член
   11. Благојче Котевски, член и
   12. Александар Ѓоргиевски, член.

2. Основна задача на Комисијата е врз основа на претходно добиените предлози и мислења од овластени предлагачи и заинтересирани субјекти, да ја утврди Предлог-програмата за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-42/32 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.11.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 став 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“, на седницата одржана на 31.10.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело**

**Член 1**

Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело му се доделува на

**1. Професор СТЕРЈОВСКИ АЛЕКСАНДАР**
**ПРЕДЛАГАЧ: НУ Библиотека „Св. Климент Охридски“-Битола**

Најголемиот и непосреден повод за истакнување на проф. Стерјовски е истакнат професор, научен работник од областа на историјата на македонската литература и историјата на Битола, хроничар и истражувач, кој со особено чувство навлегува длабоко во тајните на проблематиката, откривајќи ги до најситни делови сите параметри на истражувачкото подрачје. Се одликува со особена упорност и сестраност во текот на работата и создавањето на одредено дело. Има објавено преку стотина статии од областа на фолклорот, етнологијата, историјата на македонската литература и историјата на Битола. Автор е на монографиите „Брусник“ и „Велушина“. Носител е на научниот проект „Печатарството и издаваштвото во Битола“.

**Член 2**

Наградата за животно дело му се доделува во вид на плакета и паричен износ од 60.000 денари.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември“ - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

**Бр. 0716-03/3**
**31.10.2013 г.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември“,**
**д-р Силвана Ангелевска**

Врз основа на член 10 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр.10/05), член 27 од Статутот на Општинскиот фонд за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99 и 5/2002) и член 2 од Правилникот за организација и работа на Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“ („Службен гласник на Општината Битола“ бр.7/99, 10/2001 и 5/2002), Управниот одбор на Фондот за наградата „4 Ноември“, на седницата одржана на 31.10.2013 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на Општинската награда „4 Ноември“ за 2013 година**

**Член 1**

Општинската награда “4 Ноември“ за 2013 година се доделува на:

**1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИ НА ОПШТИНА БИТОЛА**

**ПРЕДЛАГАЧ: Светлана Петковска, претседателка на Организација на жени на Општина Битола**

Се предлага за активности во невладиното работење и нејзино постоење од 70 години. Дел од активностите кои ги спровела и ги спроведува Организацијата се: описменување и учење на хигиенски навики кај жените, поделени се 25 тони хуманитарна помош на 600 социјално загрозени семејства, учество на меѓународната конференција на жени во Берлин, учествувала во повеќе проекти и активности меѓу кои: „Помош на стари лица во домашни услови“, организација на „Битолски слатки филиграни“, „Батали дрога гледај живот“, „Влијанието на најздравата исхрана кај школските деца и поврзаноста на шеќерната болест во понатамошниот живот“.

**2. СОУ Гимназија „ЈОСИП БРОЗ ТИТО“-Битола**

**ПРЕДЛАГАЧ: ДОО Битолски весник**
**Македонско научно друштво**

Се предлага заради постигнатите резултати во изминатата учебна година: – највисока награда од Министерство за образование и наука, постигнато е прво место од полагањето на екстерните испити од државната матура во учебната 2012/13 г, прогласена за апсолутен спортски шампион, учество во проектот „Модел на европски парламент“, успешна развиена соработка со локалната заедница (бизнис секторот, АВРМ, Завод за здравствена заштита итн) интензивна соработка за развивање на партнерства и соработка со училишта од други држави. На манифестацијата на Битолски весник „Избираме најуспешни битолчани“ според гласовите на читателите беше прогласена како најуспешна во областа на средното образование.

**3. АНСАМБЛ ЗА ФОЛКЛОР „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“**

**ПРЕДЛАГАЧИ: Здр.на македонците од егејскиот ден на Македонија**
**МЗ „Ѓорги Наумов“, ТВ Орбис,**
**Наставнички совет при ОУ „Св. Климент Охридски“**

Се предлага како најнаградуван фолклорен ансамбл во РМакедонија во последната деценија и единствен кој настапува и презентира сопствена програма (изворен и кореографиран фолклор).

2.-

**4. МЕНАЏЕРСКИ ТИМ НА ФАБРИКАТА „КРОМБЕРГ И ШУБЕРТ“**
**ПРЕДЛАГАЧ: Стопанска комора Битола**

Се предлага како успешна странска инвестиција за производство на кабелски инсталации во Индустриската зона Жабени. Инвестицијата е во вредност од 26 милиони евра, а според планот на инвеститорот до 2015 година предвидено е да бидат вработени 3.500 лица. Според проценките Компанијата за време од девет месеци направила околу 10 милиони евра извоз.

**5. ПЕТРОВСКИ ВЕЛЧО „ПАПАЛ ДИЗАЈН“**
**ПРЕДЛАГАЧ: Мали и средни претпријатија**

Се предлага заради неговото значајно остварување во областа на стопанството во неговата фирма „Папал дизајн“ основана на 19.10.1991 година. Во изминатиот период преку својата фирма за својот град придонесува за естетскиот изглед и дава свои идејни решенија на огромен број на фирми. Во неговата фирма се создаваа и едуцираа поголем број на млади деца, кои што научија и се вклучија во стопанството и другите институции. Активен е во областа на музика, настапувајќи на фестивали за староградски песни.

**Член 2**

Наградата за поединци и групи творци се доделува во вид на диплома и паричен износ од 15.000 ден.

**Член 3**

Наградата се доделува по повод „4 Ноември“ - Денот на ослободувањето на Битола.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

**Бр. 0716-03/2**
**31.10.2013 г.**
**Б и т о л а**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Управниот одбор на Фондот за Општинската награда „4 Ноември“,**
**д-р Силвана Ангелевска**

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/02), и член 17 љ од Законот за државните службеници („Службен весник на РМ„ бр. 59/00,....) Градоначалникот на Општината Битола донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН
## за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2014 година

## 1. ВОВЕД

Соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа предвидена е со Амандман VI кој го надополнува член 8 од Уставот на РМ.
Со ова, застапеноста на заедниците во органите на државната власт и јавните институции е издигнато на ранг на **темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија.**

Во согласност со член 12 од Законот за државни службеници, е предвидено вработувањата во државната служба да се спроведува низ транспарентна постапка врз основа на критериумите на стручност и компетентност и примена на начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците.

Законот за локална самоуправа во член 59 (Застапеност на заедниците при вработувањето) предвидува при вработувањето, во општинската администрација и во јавните служби кои ги основала општината да се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат **на сите заедници застапени во општината** на сите нивоа, како и почитување на критериумите на стручност и компететност.

## 2. ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО ОПШТИНАТА БИТОЛА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

Согласно дефинитивните податоци од пописот на населението , домаќинствата и становите во РМ - 2002 година добиени од Државниот завод за статистика, застапеноста на заедниците во Општината Битола изгледа вака:

| Вкупно | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Власи | Срби | Бошнаци | Останати |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 95.385, | 84.616, | 4.164, | 1.610 | 2.613, | 1.270, | 541, | 21, | 550, |
| 100 % | 88,70 % | 4.36 % | 1.68 % | 2.73 % | 1.33% | 0.56% | 0.02 % | 0,57% |

## 3. ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА

Општинската администрација е составена од 6 сектори , 18 одделенија и ТППЕ

Во прилог - е прикажан пополнет Образец за тековната состојба , согласно член 5 од Правилникот за содржината на годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците ("Службен весник на РМ" 58/11) - состојба 19.07.2013.

**ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СООДВЕТНА И ПРАВИЧНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ЗАЕДНИЦИТЕ** Стр.2

**ОБРАЗЕЦ ЗА ТЕКОВНАТА СОСТОЈБА (19.07.2013)**

**ОПШТИНА БИТОЛА - ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА**
**Општинска администрација**

| | Број | Процент од вкупниот број на вработени | Машки | Женски | Раководни државни службеници | Стручни државни службеници | Стручно административни државни службеници | Други вработени без статус на државен службеник |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Македонци** | 131 | 92,90 % | 76 | 55 | 14 | 42 | 29 | 46 |
| **Албанци** | 3 | 2.12 % | 2 | 1 | / | 1 | 1 | 1 |
| **Турци** | 1 | 0.70% | 1 | / | / | 1 | / | / |
| **Роми** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Власи** | 5 | 3,54 % | 3 | 2 | 1 | / | 4 | / |
| **Срби** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Бошнаци** | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Останати** | 1 | 0,70 | / | 1 | 1 | / | / | / |
| **Вкупно** | 141 | 100,% | 82 | 59 | 16 | 44 | 34 | 47 |

## 4. СПОРЕДБА ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ

(процент на жители во Општината Битола- процент на вработени во општинската администрација)

| **Процент на жители** по етничка припадност во Општината Битола | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Останати** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 100 % | 88,70 % | 4,36 % | 1,68% | 2,73 % | 1,33 % | 0,56% | 0,02 % | 0,57 % |
| **Процент на вработени** во општинската администрација по етничка припадност | 92,90 % | 2,12 % | 0,70% | / | 3,54 % | / | / | 0,70% |

Во периодот од 22.08.2012 до 19.07.2013 не се објавени јавни огласи ниту по Закон за работни односи ниту по Закон за државни службеници

За еден јавен оглас за прием на 1 државен службеник во звање Советник – постапка која беше започната пред донесување на Годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2013 година (Август 2012 г.) уредно беа пријавени 6 кандидати – Македонци. Положиле или претходно имале положено 3 кандидати. Вработен 1 извршител Македонец.

Во постапка за реализирање на Спогодби за вработување без јавен оглас за 5 вработени од ЈП „Македонија пат„ која беше започната пред донесување на Годишниот план за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2013 година (Август 2012 г.) се заврши со тоа што спогодбено беа превземени 4 Македонци и 1 Влав, кое превземање во голема мера влијаеше врз неможноста да се реализираат нови вработувања, исто како и распишувањето и одржувањето на избори за Градоначалник и членови на Совет во општините, (Локални избори 2013 г.) каде постоеше забрана за нови вработувања.

**Активности кои ќе се преземаат идната година**

Во Планот за 2014 г. со заминување во пензија на вработени Македонци се планира да се вработи 1 работник односно државен службеник од заедница која не е мнозинство .
Се планира да се вработи еден припадник од заедницата која не е мнозинство во звање „Советник„ за работното место „Локални патишта и улици„ Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање , заштита на животната средина , комунални дејности и уредување на градежно земјиште.
За истото се потребни исполнување на следните посебни услови: ВСС Градежен факултет со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен , работно искуство од најмалку 3 години во структата , работа со компјутер.
Пополнувањето би се вршело по пат на јавен оглас со динамика во втората половина на 2014 година.

За реализација на активностите околу застапеноста на заедниците средства би се користеле од Буџетот на Општината, како и од други извори кој би финансирале во согласност со законските прописи.

Стручно оспособување на општинската администрација би се вршело во согласнот со Годишна програма за обука на државните службеници, како и во рамките на проекти организирани од ЗЕЛС (Заедница на единиците на локална самоуправа), Министерството за информатичко општество и администрација ,како и други странски владини и невладини организации.

## 5. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Примерок од Годишниот план да се достави до Министерството за информатичко општество и администрација.

Годишниот план влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општината Битола", а ќе се објави по добиената согласност од Секретаријатот за спроведување на рамковниот договор.

Бр. 04-132/4
27.09.2013.
Битола

Градоначалник
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 133 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандат на Директорот на Основно училиште „ Елпида Караманди„ Битола

1. Му престанува мандатот на Директорот на ОУ „Елпида Караманди„ Битола Илчо Белџигеровски по негово барање заклучно со 07.10.2013 г.

2. Се задолжува досегашниот директор со именованиот ВД Директор да извршат примопредавања на функцијата согласно закон.

3. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„

**О б р а з л о ж е н и е**

Директорот на ОУ „Елпида Караманди, на ден 03.10.2013 година поднесе барање за престанок на мандатот - оставка и истата ја достави до Градоначалникот на општината.
Согласно член 133 став 1 алинеа 1 од Законот за основно образование на Директорот му престанува мандатот по негово барање.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство :** Против ова Решение незадоволната страна во рок од 8 дена од денот на приемот на Решението, имаат право на жалба во однос на спроведување на постапката **која жалба се доставува преку Градоначалникот на Општината** до **Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.**

Бр. 08-1294/2
07.10.2013.
Битола

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ „ 5/02,) и член 135 од Законот за основно образование, („Службен весник на РМ„ 103/08, 48/09, 53/09, 82/09, 88/09, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување на В.Д. Директор на ОУ „Елпида Караманди„ Битола**

1. За В.Д. Директор на Основното училиште „Елпида Караманди„ Битола **се именува Виолета Ангеловска Дипломиран учител со положен испит за директор во училиште,** вработена во основното училиште како Наставник во одделенска настава.

Функцијата В.Д. Директор ја презема од 08.10.2013 година.

2 Се задолжува именуваниот ВД Директор да изврши примопредавање на должноста со досегашниот Директор согласно закон.

3 ВД Директор ги врши работите до именување на нов Директор , но не подолго од 6 месеци од денот на неговото именување.

4. Ова решение влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола„.

**О б р а з л о ж е н и е**

Поради обезбедување на континуитет во Основното училиште, а по престанување на мандатот на досегашниот Директорот на истото, согласно член 135 од Законот за основното образование, Градоначалникот именува В.Д. Директор.

Од погоренаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

Примерок од решението да се достави до архивата на основното училиште, архивата на општинската администрација и на именуваниот В.Д. Директор .

Бр.08-1294/3
07.10. 2013 год.
Битола

ОПШТИНА БИТОЛА
Г р а д о н а ч а л н и к
д-р Владимир Талески

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општината Битола за третиот квартал од 2013 година ..... 449

З А К Л У Ч О К за усвојување Извештајот за финансиска поддршка на здруженија на граѓани, спортски клубови, спортски поединци, социјална парична помош и други трансфери од Буџетот на Општината Битола за 2012 година ..... 450

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за безбедноста на водата за пиење што ја користи населението од Општина Битола за 2012 година ..... 450

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за здравствено-еколошкиот ризик од загадувањето на Акумулацијата Стрежево за 2012 година ..... 451

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата од ризикот на комуналната бучава врз здравјето на населението во Битола за 2012 година ..... 451

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за ризикот од исхраната и ухранетоста на училишните деца за 2012 година ..... 452

З А К Л У Ч О К за усвојување Информација за санитарно-хигиенската сосотојба на објектите за сместување на предшколски и школски деца и исхраната на истите ..... 452

З А К Л У Ч О К за усвојување Информацијата за одржување и функционирање на спомен обележјата, споменицитe и други објекти важни за културно-историското минато на градот ..... 453

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух на подрачјето на Општината Битола ..... 453

П Р О Г Р А М А за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2013 година ..... 454

П Р А В И Л Н И К за посебните правила за постапување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад подрачјето на Општината Битола ..... 461

П Р О Г Р А М А за РАЗВОЈНИ ПЛАНОВИ во Општина Битола за периодот од 2014 до 2016 год. ..... 467

О Д Л У К А За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација ..... 469

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација ..... 470

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко планска документација ..... 471

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Крстоар во идна урбанистичко планска документација ..... 472

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација ..... 473

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Раштани во идна урбанистичко планска документација ..... 473

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Лавци во идна урбанистичко планска документација ..... 474

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за централно градско подрачје 4 дел БЛОК 12 - Општина Битола .......... 475

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за станбена заедница Бр. 1 Модул 1 Блок 1 - Битола .......... 475

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за станбена заедница „ДАМЕ ГРУЕВ“ БЛОК 15 - Битола .......... 476

О Д Л У К А За отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за “Централно градско подрачје 5 дел БЛОК 5“ - Општина Битола .......... 476

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Јавното комунално претпријатие „Водовод“ Битола .......... 477

О Д Л У К А за престанок на Фондацијата „Центар за унапредување на туризмот“ Битола .......... 478

Р Е Ш Е Н И Е за давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈОУДГ „Мајски Цвет“ Битола за работа на воспитните групи со поголем број на деца во ДГ „Мајски Цвет“, ДГ „Коца Василева“, ДГ „Славејче“, ДГ „Качунка“ и ДГ „Ѕвездичка“ .......... 478

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители .......... 479

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Елпида Караманди“ Битола .......... 480

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Совет за заштита на потрошувачите .......... 480

Р Е Ш Е Н И Е за формирање Комисија за утврдување Предлог-програма за работа на Советот на Општината Битола за 2014 година .......... 481

О Д Л У К А за доделување на Општинската награда „4 Ноември“, за животно дело .......... 482

О Д Л У К А за доделување на Општинската награда „4 Ноември“, за 2013 година .......... 483

Г О Д И Ш Е Н П Л А Н за соодветна и правична застапеност на заедниците за 2014 година .......... 485

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандат на Директорот на Основното училиште „Елпида Караманди“ Битола .......... 489

Р Е Ш Е Н И Е за именување В.Д. Директорот на ОУ „Елпида Караманди“ Битола .......... 490

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**
Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211